Програма за работа 2023/24

Приоритети во програмата за работа:

## Планинарска инфраструктура

1. Продолжува битката за спас и заштита на дел од објектите
2. Почнува систематизација на домовите (планинарски дом, планинарска куќа, бивак, склониште....), со што Федерацијата ќе потпишува договор за соработка со секој дом кој е во сопственост на клубовите
3. Секој дом после направената систематизација ќе добие плочка натпис дека објектот е во системот на планинарска инфраструктура во ФПСМ
4. Обезбедување нови објекти за планинарските клубови
5. Во рамките на можностите ќе се приготви модел за поддршка

## Активности за популаризација

1. Националниот календар кој оваа година е со објавен повик порано, за да во ноември се организираат регионалните средби за конкретизирање на регионалната соработка и утврдување на датуми
2. По основа на Националниот календар, ќе се објави повик за домаќин на собирот/фестивалот /денот на планинарите
3. Ќе се објави повик за домаќин за Светскиот ден на планините за 2024 год
4 Ќе се објави повик за домаќин на следното Собрание на ФПСМ
5. Дигитализација во ФПСМ (Виктор ќе објаснел за новата програма од Србите) и подготовка на пластични картички/книшки на ФПСМ по светските примери
6. Поддршка на клубовите во воспоставување на стратешки партнерства со Општините...

## Обука

1. Зајакнување и дефинирање на процесот на образование и воведување на новата програма за Инструктори за планинарство
2. Прифаќање на програмата за планинарство од страна на Бирото за развој на образованието од Министерството за образование и наука, со што ќе ни се отворат вратите во училиштата и работа со млади.
3. Нова програма за Чувари на природата од Комисијата за животна средина при ФПСМ
4. Почеток на дефинирање на програмата за Домари на планинарски домови
5. Продолжување со обуката за Планинарски водичи и Маркацисти

## ФПСМ и стратешки партнерства

1. Конкретизирање на соработката со Министерството за животна средина
2. Продолжување со дефинирање на соработката и потпишување документи за поддршка со Националните паркови, Инспекторат за животна средина, Факултети...Министерства...

## Меѓународна соработка

Продолжуваме со конкретизирање на соработките со земјите од Балканот
Учество на средба на ЕУМА и БМУ на Пакленица...